**ЗАПИСНИК**
**од 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 01.08.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека поради технички причини г-дин Фиданоски на седницата ќе биде приклучен само преку аудио врска, без видео пренос. Во врска со предложениот Дневен ред објасни дека Точката 2 ќе се повлече бидејќи ТРД Радио Балкан од Гостивар го уплати годишниот надоместок за дозволата, односно своето работење го усогласил со Законот.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за" (гласањето на г-дин Фиданоски беше преку аудио врска) го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

Г-дин Петрушевски констатира дека претставникот од ТВ Ирис не е вклучен на седницата. Бидејќи оваа седница е наменета за образложение на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, а претставник на радиодифузерот не беше присутен, ја затвори седницата.

**Бр. 02-2965/2**

**15-08 2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**